ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
SWIMMING FEDERATION OF MACEDONIA

Врз основа на член 38, 47, 48, 49 од Статут на Пливачка Федерација на Македонија, Управен Одбор на Пливачка Федерација на Македонија (ПФМ) на седница одржана на 12.02.2019г. усвои пречистен текст на:

# ДЕЛОВНИК
## ЗА РАБОТА НА НАТПРЕВАРУВАЧКА КОМИСИЈА ПРИ ПЛИВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

**Член 1**

Со овој Деловник за работа на Натпреварувачка комисија (во понатамошниот текст Деловник) при Пливачка Федерација на Македонија (во понатамошниот текст ПФМ) се регулира областа на работа и одлучување на Натпреварувачката комисија (во понатамошниот текст НК при ПФМ) како и сите останати прашања од значење за работата на НК при ПФМ.

**Член 2**

НК при ПФМ ја именува и назначува Управниот Одбор на ПФМ (во понатамошниот текст УО на ПФМ) со посебна Одлука во согласност со Статут на ПФМ.
Во работата на НК при ПФМ може да учествуваат членовите на НК при ПФМ но и други лица по повик на Претседателот на НК при ПФМ.
Одредбите на овој Деловник се задолжителни за сите членови на НК при ПФМ и сите лица кои учествуваат во работата на НК при ПФМ.

**Член 3**

НК при ПФМ врши контрола исполнетите услови пропишани во Правилникот за организација на пливачки натпревари и манифестации и настап на пливачки натпревари и манифестации на ПФМ (во понатамошниот текст Правилник), односно техничко-организациско испшолнување на сите пропишани услови за организација на спортски натпревари и манифестации кои се наоѓаат во официјалниот календар на ПФМ.
Исполнување на пропишаните услови, НК при ПФМ ги утврдува со поднесување на Технички извештај, кој е составен дел од овој Деловник и кој се поднесува во рок од десет (10) дена од завршување на натпреварот.

**Член 4**

НК при ПФМ квартално носи препорака за категорија на спортскиот натпревар или манифестација врз основа на исполнетост на пропишаните услови од Правилникот и останатите акти на ПФМ.

**Член 5**

Календар за сите пливачки натпревари и манифестации усвојува УО на ПФМ најдоцна до почеток на тековната година на која се однесува календарот.
Пливачките клубови-членки на ПФМ може да аплицираат за вметнување во календарот на ПФМ после распишување на Јавен повик за доставување на датум и детален опис на програмата на натпреварот или манифестацијата, на начин според процедура и со рокови кои ги објавува техничка служба на ПФМ во соработка со Стручниот Совет на ПФМ и НК при ПФМ најдоцна до 1.10. од тековната година за следната година.

e-mail:office@pfm.mk; malenko@pfm.mk; pejko@pfm.mk mob: +389 77 84 64 44; +389 75 33 88 63 www.pfm.mk

Scanned by CamScanner

Стручниот Совет на ПФМ во согласност со Статут на ПФМ предлага датуми на одржување на Национални првенства и натпревари во организација на ПФМ, како и систем на натпревари најдоцна до 1.10. од тековната година за следната година.

**Член 6**

Секој пливачки клуб-член на ПФМ може да аплицира за вметнување во календар на ПФМ максимално по еден натпревар од А и Б категорија.
Во календарот на натпревари и манифестации во ист датум не може да се вметнат:

- два натпревари со категорија А
- натпревари од Б категорија во ист регион (предност ќе има натпреварот со појака категорија и подолга традиција на организација на натпреварот)

**Член 7**

УО на ПФМ може да направи измена во календарот на Националните првенства на ПФМ после негово стапување на сила доколку дојде до промена во Меѓународниот календар, кој негативно би влијаел на реализација на календарот на ПФМ или од други оправдани причини. Предлог за измени и дополнувања на натпреварувачкиот календар на ПФМ дава Стручниот Совет на ПФМ.
За сите промени на датумот на одржување на пливачките натпревари и манифестации во организација на клубовите-членки на ПФМ, а кои се наоѓаат во календарот на ПФМ, клубовите-членки треба да испратат писмено известување (во хартиена или електронска верзија) на Техничката служба на ПФМ минимум 15 дена пред датумот на одржување на натпреварот или манифестацијата.
За секој натпревар кој се наоѓа во официјалниот календар на ПФМ се објавуваат пропозициите на официјалната интернет презентација на ПФМ: www.pfm.org.mk

**Член 8**

На пливачките натпревари и манифестации кои се одржуваат на територија на Република Македонија, а се наоѓаат во календарот на ПФМ задолжително е присуство на член на НК при ПФМ или друго лице кое претходно ќе го назначи Претседателот на НК при ПФМ во случај на спреченост на член од НК при ПФМ. Трошоците на доаѓање и дневници на член од НК при ПФМ или други назначени лица ги сноси организаторот.

**Член 9**

Измени и дополнувања на Деловникот ги донесува УО на ПФМ

**Член 10**

Деловникот се објавува на официјалната интернет презентација на ПФМ: www.pfm.org.mk после усвојување од страна на УО на ПФМ и стапува на сила од денот на објавување.

Скопје, 12.02.2019г.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА УО НА ПФМ
Александар Маленко

e-mail:office@pfm.mk; malenko@pfm.mk; pejko@pfm.mk mob: +389 77 84 64 44; +389 75 33 88 63 www.pfm.mk

Scanned by CamScanner